СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА

ОПШТИНА

МАКЕДОНСКА

КАМЕНИЦА

БРОЈ 9

Македонска Каменица

Година XXI
08.04.2026

Излегува по потреба
гласникот е бесплатен

Април 2026

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Мкаедонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-936/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 33 став 5 и 6 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21, 3/25), Советот на општина Македонска Каменица на 9-та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА за 2026 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
J60	***ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ**					
424320	Одржување на автопати, улици и патишта	-1.000.000	0	0	0	0
JD0	***ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И**					
485420	Надомест за одземен имот	-1.200.000	0	0	0	0
JG0	***ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ***					
482720	Изградба на капацитети за водоснабдување	-1.000.000	0	0	0	0
JI0	***ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВА**					
482920	Изградба на други објекти	-1.000.000	0	0	0	0
LA0	***СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)***					
482920	Изградба на други објекти	-1.900.000	0	0	0	0
VA0	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***					
482930	Реконструкција на други објекти	6.100.000	0	0	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонска Каменица.

Бр. 08-937/1
08.04.2026

Претседател на Советот на Општината
Злате Алексовски с.р

Образложение за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 33 став 5 и 6 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 04/08, 103/08,156/09, 95/10,180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/21, 3/25) општина Македонска Каменица предложи прва измена на распоредот на средствата во Буџетот на општината за 2026 година.

Во Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година се изврши намалување на сметката на основен буџет и тоа на следните потпрограми и потставки:

- Потпрограма Ј60 – одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот

- Потставка 424320 во износ од 1.000.000,00 денари.

- Потпрограма ЈД0 – изградба и реконструкција на локални патишта и улици

- Потставка 485420 во износ од 1.200.000,00 денари.

- Потпрограма ЈГ0 – изградба на системи за водоснабдување

- Потставка 482720 во износ од 1.000.000,00 денари.

- Потпрограма ЈИ0 – изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

- Потставка 482920 во износ од 1.000.000,00 денари.

- Потпрограма ЛА0 – спорт и рекреација (капитални трошоци)

- Потставка 482920 во износ од 1.900.000,00 денари.

Во Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година се изврши зголемување на сметката на основен буџет и тоа на следната потпрограма и потставка:

- Потпрограма ВА0 – Капитални расходи за детски градинки

- Потставка 482930 во износ од 6.100.000,00 денари.

Со почит,

ГРАДОНАЧАЛНИК

Соња Стаменкова с.р

Изготвил:

Сања Митревска – Советник – одговорен сметководител

Ивана Наумовски – Соработник за материјално и финансиско водење на сметководство

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-938/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 9^{та} седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година

Член 1

Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година бр.08-3366/1 од 29.12.2025 година („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број.4/2025) се менува така што:

Член 2

Во член 10 став 2 од Одлуката, коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот од „2,08“ се менува со „1,90“,.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-939/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за кофинансирање на проектот- реконструкција на кров и фасада на ЈОУДГ„Бамби“ Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-940/1 **Градоначалник**
08.04.2026 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 9та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За кофинансирање на проектот - Реконструкција на кров и фасада на ЈОУДГ„Бамби“ Македонска Каменица

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Македонска Каменица дава согласност за кофинансирање на финансиски средства од Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година за реализација на проектот-Реконструкција на кров и фасада на ЈОУДГ„Бамби“ Македонска Каменица во износ од 6.039.674,00 денари.

Член 2

Вкупно предвидените средства за реализација на проектот изнесуваат 12.079.348,00 денари, од кои 6.039.674,00 денари ќе бидат побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2024-2025 година обезбедени од Бирото за рамномерен регионален развој.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се исплатат од Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година од Програма VA0, ставка 482, потставка 482930.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр.08-941/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за кофинансирање на проектот- „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источно плански регион“.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-942/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 9та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За кофинансирање на проектот- „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источно плански регион“

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Македонска Каменица дава согласност за кофинансирање на финансиски средства од Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година за реализација на проектот- „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источно плански регион“ во износ од 61.133,00 денари.

Член 2

Вкупно предвидените средства за реализација на проектот изнесуваат 5.172.760,00 денари, од кои 4.500.301,00 денари ќе бидат побарани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година, а износ од 672.459,00 денари или 13% од вкупната вредност на проектот се средства предвидени со кофинансирање од страна на сите 11(единаесет) општини во состав на Источно плански регион.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе се исплатат од Буџетот на општина Македонска Каменица за 2026 година од Програма Е00, ставка 464, потставка 464990.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица".

Бр. 08-943/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Македонска Каменица во име на општина Македонска Каменица, да го потпише пристапниот формулар за да се започне процесот на приклување кон иницијативата кон Пактот на градоначалници за клима и енергија во Европа.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-944/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/24), а во врска со изработка на стратешки документ – Акционен План за одржлива енергија и клима (СЕКАП), Советот на Општина Македонска Каменица, на 9та седница одржана на 08.04.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За давање согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица за потпишување на пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата кон Пактот на градоначалници за клима и енергија во Европа

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Македонска Каменица во име на Општина Македонска Каменица да го потпише пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон инијативата кон Пактот на градоначалници за клима и енергија во Европа.

Член 2

Предмет на иницијативата е ублажување и адаптација на климатските промени со учество во Пактот на градоначалници за клима и енергија во Европа.

Член 3

Пактот на градоначалниците на Европската Унија е иницијатива поддржана од Европската Комисија, која обединува илјадници локални самоуправи кои сакаат да обезбедат подобра иднина за своите граѓани, кои со приклучување кон иницијативата доброволно се обврзуваат за спроведување на климатски и енергетски цели на Европската Унија.

Член 4

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-945/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-946/1 **Градоначалник**
08.04.2026 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 4 став 3, а во согласност со член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Р.Македонија” бр.79/2009 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.241/24), член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Советот на општина М.Каменица на 9^{та} седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица го усвои предлогот на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица бр.08-893/1 од 01.04.2026 година за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Македонска Каменица и општина Делчево за извршување на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор – Овластен инспектор за заштита на животната средина.

Член 2

Меѓуопштинска соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на Договор за меѓуопштинска соработка со кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски на општините.

Договорот за меѓуопштинска соработка ќе биде склучен со потпишување од страна на градоначалниците на општините Македонска Каменица и Делчево, по претходно донесени Одлуки од страна на Советите на општините.

Член 3

По склучувањето на Договорот од член 2 на оваа Одлука, овластенит инспектор за заштита на животната средина ќе ги извршува своите работни задачи во општина Македонска Каменица по барање на општина Македонска Каменица.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-947/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Совет на општина М.Каменица
Претседател
Злате Алексовски с.р

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-948/1
08.04.2026 г.
М.Каменица

Градоначалник
Соња Стаменкова с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 9та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година за 2025 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица го усвои Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година за 2025 година.

Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 година за 2025 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-949/1 **Совет на општина М.Каменица**
08.04.2026 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-950/1 **Градоначалник**
08.04.2026 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 9та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица го усвои Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година.

Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-951/1 **Совет на општина М.Каменица**
08.04.2026 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за 2025 година заведен под бр.04-136/1 од 25.03.2026 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-952/1 **Градоначалник**
08.04.2026 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/2020 и 302/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр. 20/2019, 38/20 година и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 9та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на измена на Годишниот план за вработување во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за 2026 година

Член 1

Советот на Општина Македонска Каменица дава согласност на измената на Годишниот план за вработување во ЈП„Камена Река“ Македонска Каменица за 2026 година заведен под бр.04-136/1 од 25.03.2026 година.

Годишниот план за вработување е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-953/1 **Совет на општина М.Каменица**
08.04.2026 г. **Претседател**
М.Каменица **Злате Алексовски с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на измена и дополна на Програмата за извршување на јавни работи за 2026 година бр.08-3252/1 од 15.12.2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-954/1 **Градоначалник**
08.04.2026 г. **Соња Стаменкова с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица бр.20/2019, 38/20 и 33/2024), Советот на општина Македонска Каменица на 9та седница одржана на ден 08.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Програмата за извршување на јавни работи за 2026 во општина Македонска Каменица бр. 08-3252/1 од 15.12.2025 година

Член 1

Советот на Општина Македонска Каменица дава согласност на барањето на ЈП „Камена Река“ Македонска Каменица заведено под бр.08-899/1 од 02.04.2026 година за измена и дополнување на Програмата за извршување на јавни работи за 2026 во општина Македонска Каменица бр. 08-3252/1 од 15.12.2025 година.

Барањето на „Камена Река“ Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Се врши измена и дополнување на Програмата за извршување на јавни работи за 2026 во општина Македонска Каменица бр. 08-3252/1 од 15.12.2025 година и тоа:

1.Во **точка 2** Органи надлежни за реализација и изведување на програмата, потточка 2.4.1 лицето Виолета Велиновска Пецова се брише.

Во точка 2.4.2 Лице за надзор назначеното лице Драган Ѓорѓиевски се брише и се заменува со следните лица : Мартин Атанасовски и Зоран Јангеловски.

2. Во точка 3 Времетраење, план на активности, динамика на реализирање на програмските активности по месеци и методологија за пресметка на финансиски средства потребни за реализација на програмата се менува првата реченица и гласи:

,, Програма за извршување на јавни работи за 2026 година во општина Македонска ќе се спроведува во 8 (осум) фази) .,,

3. Во точка 3 потточка 3.2 се менува и гласи:,,

Втората фаза ќе го опфати месец Април 2026 година, а за реализација на програмските активности од втората фаза на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 45 невработени лица.

Оваа фаза од програмата ќе ги опфати следните активности:

Месеци	***Главна активност***	***Тело на имплементација***	***Локација***	***Број на работници***	***Фази на реализација***
А п р и л	➢ Сечење на застарени дрвни видови и грмушки во заштитната зона на патот во селските средини; ➢ Отстранување на сите сувии, трули и заболени дрвни видови; ➢ Кроење, поткастрување и уредување на крошните на сите дрвни видови и грмушки во градската средина на општина Македонска Каменица; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица; ➢ Садење на цвеќина на однапрет испланирани места во општина Македонска Каменица се со цел разубавување на просторот наменет за цвеќиња во парковите како и подобрување на цветни-декоративното уредување;	Ј.П. ,,Камена Река” Мак. Каменица	Мак. Каменица	Ангажирани 45 работници	**II**

	➢ Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Собирање на градежен шут, земја, камен, цигли, мртва органска материја и сл. со трактор низ општината и транспортирање на депонијата; ➢ Дооуредување на паркот кај споменикот на ,,Вера Јоциќ" и тоа: нанесување на плодна почва, садење на трева, декоративни дрвни видови и цвеќиња; ➢ Естетско-декоративно разубавување на влезовите во општина Македонска Каменица; ➢ Изградба на нова пешачка патека кај детската градинка во Македонска Каменица; ➢ Зафаќање на атмосферските води во Македонска Каменица, оградување на зафатите за вода во селските средини и заштита од ерозија; ➢ Чистење на дивите депонии во населените места на општина Македонска Каменица; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;				

За реализација на активностите од втората фаза ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 1.044.585,00 денари или

2(втора) фаза (1 месец x 45 работници x 23.213,00 денари) = 1.044.585,00 денари

3. Во точка 3 Времетраење, план на активности, динамика на реализирање на програмските активности по месеци и методологија за пресметка на финансиски средства потребни за реализација на програмата, потточка 3.2, 3.3 и 3.4 се бришат и се додаваат нови потточки потточка 3.3, потточка 3.4, потточка 3.5, потточка 3.6, потточка 3.7, потточка 3,8 кои гласат:

3.3 Третата фаза ќе го опфати месец мај 2026 година, а за реализација на програмските активности од оваа фаза на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 60 невработени лица.

Оваа фаза од програмата ќе ги опфати следните активности:

Мај	➢ Садење на цвеќина на однапрет испланирани места во општина Македонска Каменица се со цел разубавување на просторот наменет за цвеќиња во парковите како и подобрување на цветни-декоративното уредување; ➢ Сечење на застарени дрвни видови и грмушки во заштитната зона на патот во селските средини; ➢ Одржување и чистење на фонтаните во општината; ➢ Припрема на јама за одлагање и складирање на покосена трева и лисна маса за производство на органско ѓубриво т.е. компостирање; ➢ Чистење на гробиштата во селските средини во општината; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица. ➢ Складирање на покосена трева и паднатите листови во претходно направената јама за производство на органско ѓубриво;	Ј.П. ,,Камена Река” Мак. Каменица	Мак. Каменица	Ангажирани 60 работници	**III**

	➢ Поставување на жардињери за садење на цвеќе на неколку локации во општината; ➢ Дооуредување на паркот кај споменикот на ,,Вера Јоциќ" и тоа: нанесување на плодна почва, садење на трева, декоративни дрвни видови и цвеќиња; ➢ Уништување на плевелот и коровот во коритото на Каменичка река и помеѓу ивиците на тротоарите со третирање на тотален хербицид; ➢ Собирање на градежен шут, земја, камен, цигли, мртва органска материја и сл. со трактор низ општината и транспортирање на депонијата; ➢ Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;				

За реализација на активностите од оваа фаза ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 1.392.780,00 денари или

3(трета) фаза (1 месец x 60 работници x 23.213,00 денари) = 1.392.780,00 денари.

3.4 Четвртата фаза ќе го опфати месец јуни 2026 година, а за реализација на програмските активности од оваа фаза на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 60 невработени лица.

Оваа фаза од програмата ќе ги опфати следните активности:

Месеци	*Главна активност*	*Тело на имплементација*	*Локација*	*Број на работници*
Јуни	➢ Чистење на смет и шут по парковите и стазите, одржување на чистотата во детските забавни паркови и игралишта; ➢ Чистење на гробиштата во селските средини; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица; ➢ Обновување и одржување на старата и оштетена урбана опрема низ општината; ➢ Одржување и чистење на фонтаните во општината; ➢ Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица; ➢ Одржување на систем капка по капка на неколку локации каде што тое е економски исплатливо и технички изводливо; ➢ Припрема на јама за одлагање и складираење на покосена трева и лисната маса за производство на органско ѓубриво т.е. компостирање;	Ј.П. ,,Камена Река” Мак. Каменица	Мак. Каменица	Ангажирани 60 работници

За реализација на активностите од четвртата фаза ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 1.392.780,00 денари или

4 (четврта) фаза (1 месец x 60 работници x 23.213,00 денари) = 1.392.780,00 денари.

3.5. Петтата фаза ќе го опфати месец јули 2026 година, а за реализација на програмските активности од оваа фаза на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 60 невработени лица.

Оваа фаза од програмата ќе ги опфати следните активности:

Месеци	***Главна активност***	***Тело на имплементација***	***Локација***	***Број на работници***	***Фази на реализација***
Јули	➢Чистење и одржување на патот до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица; ➢ Обновување и одржување на старата и оштетена урбана опрема низ општината; ➢Одржување на систем капка по капка на неколку локации каде што тое е економски исплатливо и технички изводливо; ➢Одржување и чистење на фонтаните во општината; ➢Чистење на смет и шут по парковите и стазите, одржување на чистотата во детските забавни паркови и игралишта; ➢ Припрема на јама за одлагање и складираење на покосена трева и лисната маса за производство на органско ѓубриво т.е. компостирање; ➢ Земјени работи за доуредување на кејот на Каменичка река; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Камениц	Ј.П. ,,Камена Река” Мак. Каменица	Мак. Каменица	Ангажирани 60 работници	**V**

За реализација на активностите од оваа фаза ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 1.392.780,00 денари или

5 (петта) фаза (1 месец x 60 работници x 23.213,00 денари) = 1.392.780,00 денари.

3.6. Шестата фаза ќе го опфати месец август 2026 година, а за реализација на програмските активности од оваа фаза на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 60 невработени лица.

Оваа фаза од програмата ќе ги опфати следните активности:

Месеци	***Главна активност***	***Тело на имплементација***	***Локација***	***Број на работници***	***Фази на реализација***
А в г у с	➢ Чистење на коритото на кејот и крајбрежјето на вештачкото езеро Калиманци од ПЕТ амбалажа; ➢ Припрема на јама за одлагање и складираење на покосена трева и лисната маса за производство на органско ѓубриво т.е. компостирање; ➢Одржување и чистење на фонтаните во општината; ➢Чистење и одржување на патот	Ј.П. ,,Камена Река” Мак. Каменица			

	до новите гробишта во текот на целата година; ➢ Одржување на градскиот стадион во Македонска Каменица; ➢Уништување на плевелот и коровот во коритото на Каменичка река и помеѓу ивиците на тротоарите со третирање на тотален хербицид; ➢ Отстранување на сите суви, трули и заболени дрвни видови; ➢ Активности по барање на надлежните органи на локалната самоуправа при општина Македонска Каменица;		Мак. Каменица	Ангажирани 45 работници	**VI**

За реализација на активностите од оваа фаза ќе бидат потребни финансиски средства во вкупен износ од 1.392.780,00 денари или

6 (шеста) фаза (1 месец х 60 работници х 23.213,00 денари) = 1.392.780,00 денари.

3.7. Седмата фаза ќе го опфати месец септември 2026 година, а за реализација на програмските активности од оваа фаза на програмата за јавни работи ќе биде потребно ангажирање на 60 невработени лица.

Оваа фаза од програмата ќе ги опфати следните активности:

Месеци	***Главна активност***	***Тело на имплементација***	***Локација***	***Број на работници***	***Фази на реализација***

